ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Партијата на обединети демократи на Македонија-ПОДЕМ Скопје Локални избори 2021.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
учесникот во изборниот процес користел печат на политичка партија, која е друг правен субјект и
учесникот во изборната кампања со затварањето на трансакциската сметка не извршил бришење на ЕДБ регистриран пред надлежниот орган.

**Издадено мислење/заклучок*:** (црвено)
Изразуваме неповолно мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Учесникот на изборната кампања во идни изборни процеси за документацијата поврзана со спроведување на избори да обезбедат и користат печат на учесникот во изборниот процес.

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизори оценето е дека една забелешка претставува известување за преземени мерки во текот на вршење на ревизијата, една забелешка не се прифаќа, додека една забелешка се прифаќа поради дополнително доставени докази.

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот е на известувањето е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018